РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1371/5
02.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Димитар Тануров, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Трајчевски предложи Точка 5 „Предлог-став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2023 година" да биде Точка 4, бидејќи таа е поврзана со Предлог-годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2023 година, а „Предлог-упатство за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024" да стане Точка 5. Исто така предложи Точката 6 „Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока - табла од гравоглас со ласерско гравирање, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки" да се повлече од Дневниот ред затоа што се наоѓаме во изборен период и не е планирана во Годишниот план за јавни набавки 2024.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека предлозите за корекција на Дневниот ред за него се прифатливи.

Советот немаше против.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот коригиран:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.03.2024 година.

2. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.03.2024 година.
3. Предлог-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.
4. Предлог-став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2023 година.
5. Предлог-упатство за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 20.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлог-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Објасни дека на страна 6, воведот на Извештајот е дополнет со делот кој произлезе како заклучок од претходната седница кога се усвојуваше документот во Нацрт верзија во однос на финансирањето на Агенцијата од Буџетот на РС Македонија. Во врска со останатата содржина од Извештајот информира дека нема никакви други измени споредбено со Нацртот.

Г-дин-Петрушевски рече дека забелешката што ја дал во однос на Нацртот е вградена и дека други забелешки на текстот нема.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се донесува Годишниот Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, (со Извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор за 2023 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2023 година и годишна сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2023 година), со текст како што беше предложен.

Агенцијата да постапи во согласност со член 8 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“

бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2023 година. Објасни дека вршењето на ревизија од страна на независен ревизор и Ставот што треба да го заземе Советот на Агенцијата во однос на Ревизорскиот извештај претставуваат законски обврски. За таа цел избрана е ревизорска куќа, Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје која изврши ревизија и даде две резерви во однос на работењето на Агенцијата. Во таа насока предлогот е Агенцијата да се согласи со мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за 2023 година, но со две резерви, првата за земјиштето под зградата на Агенцијата чија што вредност е внесена во билансите на Агенцијата по препорака на Државниот завод за ревизија. Оваа ревизорска куќа и претходно направи ревизија и даде ваква забелешка. Потоа Агенцијата се обрати до Државниот завод за ревизија и тие одговорија дека сè уште стојат на истиот став, дека вредноста на земјиштето треба да биде внесена во билансите на Агенцијата. Втората забелешка е за ненаплатени побарувања. Агенцијата има едно ненаплатено побарување од 1 милион и 652 илјади денари, но на месечно ниво врши наплата преку извршител, соодветно на 30% што ги има како приход должникот на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека забелешките од ревизијата се повторуваат од минатата година. Тогаш членовите на Советот дискутираа обемно и ја одбрале варијантата како во предложениот став. Врз основа на искуството од минатата година и сега она што го прочитал во материјалите, рече дека ќе го поддржи ставот.

Г-дин Трајчев во врска со втората забелешка за неплатеното побарување побара раководителот на Секторот за финансии и логистика да даде подетално објаснување од финансиски и сметководствен аспект, што значи бришење на долг, резервација, ако се избрише дали може да се наплати, како е правилно во водењето на книгите.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека ги разгледал сите побарувања кои што Агенцијата ги има и 737 илјади што се во моментот до останатите 2 милиона 389 ќе подлежат во текот на годината да бидат ставени во вон билансна евиденција, да стојат но да не се покажуваат во билансите. Меѓутоа секој кој што ќе наследи и ќе влезе во Агенцијата треба да знае од каде потекнува тоа и доколку се наплати некогаш да се тргне. Во однос на поголемото побарување, бидејќи се врши наплата смета дека треба да стои во билансот на Агенцијата. А за другите 737 илјади денари рече дека треба уште еднаш да се провери, ако не постои можност да се наплатат, бидејќи сега се кај извршител, би ги ставиле во вонбилансна евиденција и да фигурираат само за да се знае од каде потекнуваат.

Г-дин Трајчевски рече дека забелешката на ревизорот е само за 1 милион и 652 илјади денари. Агенцијата за тоа не се согласува бидејќи има месечна наплата од должникот.

Советот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија за 2023 година од страна на Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје едногласно го утврди следниот став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се согласува со мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за 2023 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 02-1248/2 од 18.03.2024 година, освен за мислењата со резерва објавени во белешка 4 (која се однесува на ненаплатени побарувања) и белешка 9 (која се однесува на земјиште под зграда), од причина што вредноста на земјиштето под зградата на Агенцијата е внесена во билансите на Агенцијата по препорака на Државниот завод за ревизија, а за побарувањето на Агенцијата во износ од 1 милион и 652 илјади денари, кое е дел од ненаплатените побарувања, Агенцијата има месечна наплата преку извршител.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Став да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, рече дека точката ќе се одложи од причини што се чекаат дополнителни информации од Собрание поврзани со самото Упатство. Упатството ќе се стави на усвојување на продолжение на 12-та седница во оној момент кога ќе се добие одговор од Собрание, а се надева дека тоа ќе биде многу скоро.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**